Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr.** 10 - 290/11

27.03. 2019 год- herš-viti

**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

ИЗВЕШТАЈ

За спроведена Јавна презентација и Јавна анкета за предлог на ДУП за градска четврт С.06, Блок С.06.08 од Стручната комисија во Општина Шуто Оризари, Скопје

Стручната комисија при општина Шуто Оризари одржа седница на ден 22.03.2019 година (четврток) во просториите на Општина Шуто Оризари со почеток во 12 часот за составување на завршниот извештај за спроведената Јавна презентација и Јавна анкета за предлог на Деталниот урбанистички план за градска четврт Ц.06, Блок Ц.06.08, општина Шуто Оризари Скопје.

Јавната презентација се оддржа во просториите на Општина Шуто Оризари, во присуство на членовите на стручната комисија и заинтересирани граѓани и поканети институции на ден 11.03.2019 година, со почеток во 10 часот.

Презентацијата ја отвори Раководителот на Одделението за урбанизам и заштита на животна средина во Општина Шуто Оризари Георги Клинчаревски, кој по кус вовед и даде збор на Елена Андреева, која како преставник на фирмата ,,ИН ПУМА'' го изработи предлогот на Деталниот Урбанистички план.Откако го објасни предлогот на планот, беше отворена дискусија, во која заинтересираните граќани поставаа прашања и бараа појаснување за одредени градежни парцели.

Јавната презентација заврши со заклучок дека сите заинтересирани граѓани имаат право да поднесат анкетни листови, со кој ќе ги наведат своите забелешки и барања во врска со изложениот Предлог на ДУП, на кои што стручната комисија ќе им достави одговор во писмена форма за прифаќање на доставените забелешки и барања.Јавната презентација заврши во 11 часот.За време на јавната презентација немаше поднесени анкетни листови од поканетите институции и заинтересирани граѓани.

Јавната анкета траеше 10 работни дена, од 06.03 .2019 година, заклучно со 19.03.2019 година, секој работен ден од 08 –до 16 часот.Беа поднесени три анкетни листови и тоа: